**С О В Е Т  НА  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од ТРЕТАТА седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 15.11.2021 година**

**СКОПЈЕ, НОЕМВРИ 2021 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Третата седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 15.11.2021 година**

Седницата започна во 13:05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот, на седницата присуствуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и претставници од општинската администрација.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**************

По Нацрт - Записникот од **Конститутивната** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Конститутивната** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **25 гласа "ЗА"**.

**************

По Нацрт - Записникот од **Втората** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Втората** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **25 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

За работата на седницата Претседателот на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, со следниот предлог за **дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот од одржаната седница на комисијата за финансии и буџет, бр.09-4351/2 од 15.11.2021 година, и извештајот од одржаната седница на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина, бр.09-4355/2 од 15.11.2021 година, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**3.** Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2021 година.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката "3" беше ставен на гласање и усвоен со **19 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "3" е составен дел на предложениот дневен ред.

Претседателот на Советот предложи **изменување** на предложениот дневен ред и тоа точката 3 да се разгледува како **точка 2**, а точката 2 да се разгледува како **точка 3**.

Предлогот за изменување на предложениот дневен ред беше ставен на гласање и усвоен со **19 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

За работата на седницата (со дополнувањето и изменувањето) со **25 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - септември 2021 година;
2. Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2021 година; и
3. Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - септември 2021 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **м-р Сашо Кукески**, поднесе извештај од седницата одржана на 15.11.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - септември 2021 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **м-р Александар Каровски**, поднесе извештај од седницата одржана на 15.11.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на советот м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2021 година, со **17 гласа "ЗА" и 8 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставникот од општинската администрација - Марика Зафировска и членовите на советот: Сафет Адеми (ДУИ), Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ) и м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година, со **23 гласа "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Третата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **13:45** часот.

**Број 09-4494/2**
**од 25.11.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот